Д-р КИРИЛ ЧАВДАР

# НЕПАРИЧЕН ВЛОГ ВО ТРГОВСКО ДРУШТВО

## Вовед

Трговското друштво е правно лице во коешто едно или повеќе лица вложуваат пари, ствари или права во имот што го користат за заедничко работење и заеднички ја делат добивката и загубата од работењето. Тоа самостојно трајно врши дејност заради остварување добивка. Како правно лице, кое својство го стекнува со уписот во Трговскиот регистар, трговското друштво може да сетекнува права и да презема обврски, да стекнува сопственост и други стварни права, да склучува договори и други правни работи, да тужи и да биде тужено пред суд, арбитража или друг избран суд и да учествува во други постапки (чл. 19 и 25 од Законот за трговските друштва - натаму : ЗТД).

Имотот создаден со вложувања во трговското друштво се изразува во пари и ја претставува основната главнина на друштвото. Таа гласи во денари или во странска валута и задолжително се наведува во меморандумот. Правата и обврските што содружникот ги стекнува врз основа на влогот во основната главнина во трговското друштво, освен кај акционерските друштва, се негов удел во друштвото, додека правата и обврските што акционерот ги стекнува врз основа на влогот во основната главнина на акционерското друштво, односно во командитното друштво со акции, се негов удел во друштвото за којшто добива акции (чл. 21 од ЗТД)

При расправањето за овие прашања неопходно потребно е да се прави разлика меѓу поимите „влог во друштвото", „удел во друштвото" и „акција", како и меѓу поимите „основна главнина" , „главнина" и „имот" на друштвото.

Според законските одредби, содржани во член 3 од ЗТД:

- „влог во друштвото" се пари, ствари, права коишто содружникот, односно акционерот му ги отстапува и пренесува на трговското друштво во постапката за основање или во постапката за зголемување на основната главнина на друштвото, односно и труд и услуги кога тоа со ЗТД е дозволено;

-„ удел во друштвото" е севкупност на права и обврски коишто содружникот ги стекнува врз основа на влогот во основната главнина во

*Изложувањата во оваа статија се засноваат, главно , на обработувањата на оваа проблематика во книгата на Проф. Д-р Јакша Барбиќ „ Право друштава” книга 2 „Друштва капитала” во издание на „ Организатор” Загреб 2000 година, на стр. 126 - 173.

јавното трговско друштво, командитното друштво и друштвото со ограничена одговорност, при што секој содружник има еден удел кој не може да биде претставен во хартија од вредност;

-„ акција” е хартија од вредност (којашто може да ја издаваат акционерското друштво и командитното друштво со акции) во која што е претставен дел од основната главнина и во која се отелотворуваат правата на акционерот кој, како сопственик на акцијата, не е доверител на друштвото ниту сопственик на еден дел од имотот на друштвото;

-„основна главнина” на друштвото е вкупниот износ на сите влогови на содружниците, односно акционерите, при што износот на основната главнина е вкупниот износ на сите влогови на содружниците, односно акционерите, при што износот на основната главнина е еднаков на збирот на номиналната вредност на сите влогови, односно на номиналниот износ на сите акции од акционерското друштво;

-„имот на друштвото” е севкупност на правата, сопственичките и други стварни права што друштвото ги стекнува над добрата (парите, стварите и правата) што содружниците, односно акционерите ги вложиле во друштвото или коишто друштвото ги стекнало со своето работење;

-„главнина “ е остаток на учество во сопственоста над средствата на друштвото по одземањето на сите обврски на друштвото, чиишто главни компоненти се основната главнина, износот уплатен над номиналниот износ, односно премијата на акциите, ревалоризационата и други резерви и акумулираната добивка.

Во врска со разгледувањата во овој труд, треба да се има предвид дека според законските определби во ЗТД, „паричен влог” е износ на пари, изразен во домашна или странска валута што содружникот, односно акционерот ги вложува во друштвото, „непаричен влог” означува збир на ствари (подвижн и недвижни) и права кои содружниците, односно акционерите ги вложуваат во друштвото, а „акционер” е сопственик на една или повеќе акции кој не одговара за обврските на акционерското друштво и на командитното друштво со акции, додека „содружник” е лице кое стекнува содружништво во останатите трговски друштва.

Според член 20 од ЗТД, трговско друштво, кое може да биде основано само во форма и на начин определени со ЗТД и според слободно избраната форма од основачите, без оглед на тоа дали врши трговска или некоја друга дејност е : 1) јавно трговско друштво (ЈТД); 2) командитно друштво (КД); 3) друштво со ограничена одговорност кое може да биде основано од две или повеќе лица (ДОО) или од едно лице (ДООЕЛ); 4) акционерско друштво (АД) и 5) командитно друштво со акции (КДА). При тоа „основач на трговско друштво” е секое лице (физичко или правно ),кое заради одновање трговско друштво, потпишало договор за друштвото, статут, односно изјава за основање друштво со ограничена одговорност од едно лице.

Влоговите што се вложуваат, односно се внесуваат при основањето на друштвото, односно при зголемување на основната главнина му се ставаат на располагање на друштвото. Доколку влоговите се состојат од ствари (подвижн и недвижни) и права, тие мораат да бидат во правен промет и да имаат имотна вредност којашто може да се процени и изрази во пари. По исклучок, содружниците во јавното трговско друштво, односно комплементарите на командитното друштво можат да вложат и труд и услуги.

Несомнено, од значење е и законската определба дека влоговите не можат да им се враќаат на содружниците, односно на акционерите во друштвото освен во случаите определени со ЗТД. (чл.34 од ЗТД). Според тоа, значи доверител на содружник или на акционер на друштвото, не може од имотот на друштвото да го намири своето побарување спрема содружниот, односно акционерот. Меѓутоа, ова не значи дека доверителот на содружник, односно акционер, не може да го намири своето побарување спремна овие лица од вредноста науделот, односно од вредноста на акциите што тие лица ги имаат во друштвото.

## 1. Општо за видовите на напаричен влог

Кога во трговското друштво се внесува непаричен влог, во договорот за друштвото, во статутот, односно во одлуката за зголемување на основната главнина се внесува фирмата, називот, односно името на лицето кое го внесува непаричниот влог, подробен опис на непаричниот влог и неговата вредност проценета од овластен проценител, изразено во пари, што значи дека непаричните влогови можат да бидат такви само доколку , со процена, може да им се определи вредноста во пари. Доколку се работи за недвижни, како и за подвижни ствари за кои што со закон е определена обврска за евиденција (регистар), на овластениот проценител му се доставува и доказ за сопственоста врз нив, којшто доказ се приложува кон извештајот на овластениот проценител. Лицата кои стекнале удел, односно акции во замена за непарични влогови се лично и неограничено одговорни со сиот свој имот спрема трговското друштво за вредноста на непаричните влогови утврдени во извештајот за проценка за време од пет години од денот на објавувањето на уписот во Трговскиот регистар на договорот за друштвото, на статутот, односно на одлуката за зголемување на основната главнина (чл. 35 од ЗТД).

Во врска со определбата дека стварите кои се внесуваат во друштвото можат да бидат недвижни или подвижни, треба да се имаат предвид одредбите од Законот за сопственост и други стварни права (ЗСДСП) за тоа кои ствари се сметаат за недвижни, односно за подвижни. Притоа, треба да се има предвид дека според член 12 од ЗСДСП, ствар, во смисла на тој Закон, е дел од материјалната природа што може да биде во власт на човекот и што може да се индивидуализира и дека постојат различни видови на ствари зависно од нивната природа, положбата во проторот, составот, намената и другите особини врз кои правото на сопственост со закон се уредува на различни начини, водејќи сметка за општата природа на правото на сопственост.

Според член 13 од ЗСДСП, пак, во однос на нивната просторна положба стварите се подвижн ии недвижни. Подвижни ствари се оние кои во целост можат да се движат или поместуваат од едно место на друго, а притоа да не се оштети нивната суштина. Недвижни ствари се оние кои не можат од едно место на друго да се движат и поместуваат, без при тоа да не се оштети нивната суштина. Недвижни ствари, во смисла на тој Закон се земјиштата(земјоделски, градежни, шумски и пасишта) и зградите, како и инсталациите подигнати врз нив или под нив и

трајно споени со нив, ако по инаку не е определено со закон. Стварите кои според својата природа се подвижни можат да се сметаат во правна смисла за недвижни доколку се припадпоци на одредена недвижна ствар или доколку законот ги изедначува со недвижните ствари . Во случај на спор дали една ствар е подвижна или недвижна се смета дека таа е подвижна.

Припадок, пак, според член 15 став 4 од ЗСДСП, е подвижна ствар која нејзиниот спостченик ја употребува како споредна затоашто трајно и служи на главната ствар, а се наоѓа во таков просторен однос спрема главната ствар кој одговара за таа употреба.

Предмет на вложување во трговско друштво може да биде и идна ствар, т.е. ствар којашто треба да се создаде, Така например  таков влог може да биде ствар која треба да се произведе или која ќе настане со делба на ствар, со соединување на ствари, со одвојување на плодови итн. Може да се вложуваат ствари определен по род, но при вложувањето треба да се индивидуализираат. Може да се случи стварта да не биде во сопственост на оној што ја вложува, но суштествено е да може да се пренесе на друштвото на начин што тоа да може да стекне право на сопственост и тоа да се чини во име на вложување на лицето кое се обврзало да ја вложи во друштвото. Во време на преземањето на обврската за вложување во друштвото, стварта не мора да постои, но суштествено е да постои во времето кога се пренесува на друштвото. Ако тоа не се случи, станува збор за неисполнување на обврската, па настапуваат последиците што се предвидени за таков случај. Ако се вложува побарување на вложувачот да му се предаде некоја идна ствар и да му се пренесе во сопственост, тогаш станува збор за вложување на право.

Непаричен влог  во друштвото можат да бидат и права кои содружниците, односно акционерите ги вложуваат во друштвото. При тоа, правата како предмет  на влогот во друштвото може да бидат права врз недвижности т.е. ограничени стварни права врз недвижности коишто имаа имотна вредност и кои по внесувањето влегуваат во имотот на друштвото. Покрај овие стварни права, влог во друштвото можат да бидат и правата од индустриска сопственост ( патент, индустриски дизајн, трговска марка, географска ознака, ознака на потекло итн.), КНОВ -ХОВ, авторско право, акции, удели во друштва па и претпријатие, а исто така и побарувањата кои вложувачот ги има спрема трети лица. Сите овие права, после внесувањето во друштвото и после нивното запишување како влог во трговското друштво стануваат имот на друштвото, односно на местото на вложувачот ( содружник, акционер ) имател на тие права станува друштвото во кое се вложени.

Кога стварите (подвижни и недвижни) и правата се внесуваат како влог во едно трговско друштво, за вложувачот да стане содружник, односно акционер, и со тоа да стекне удел, односно акции на друштвото тоа може да се стори на начин што друштвото да стекне: а) право на сопственост кое вложувачот го пренесува врз друштвото, или б) некое друго стварно или облигационо право како основа за користење на предметот, но при тоа друштвото да не плаќа надомест за таквото користење, туку во замена односно како противдавање за таквото користење да биде стекнување удел или акции на страната на вложувачот на тоа право во друштвото.

Од цитираните одредби од ЗТД и од другите закони, несомнено произлегува дека трговското друштво е посебен правен субјект одвоен од содружниците , односно од акционерите, односно покрај со другите правни субјекти, друштвото може да влегува во правни односи и со содружниците односно акционерите надвор и независно од судружничкиот однос и дека врз

стварите и правата што се внесени како влог, односно што ги стекнало по друг основ од работењето, друштвото стекнува право на сопственост, односно станува имател на правата, а содружниците, односно акционерите немаат никакви права врз имотот на друштвото по основа на својот влог или удел во друштвото.

**2. Стварите како предмет на влог**

Како што е понапред истакнато, во друштвото може да се вложи секоја ствар ( подвижна или недвижна) којашто е во правен промет и има имотна вредност којашто може да се процени во пари. Стварта во друштвото се внесува така што друштвото да може да стекне право на сопственост врз неа. Всушност во друштвото се внесува правото на сопственост врз стварта, но, затоа што се внесува право на сопственост како најсеопфатно апсолутно право врз стварта, тоа се искажува како вложување на стварта. Ако се внесува некое друго стварно право врз стварите, тогаш се смета дека се работи за вложување на право.

а) Права врз недвижни ствари коишто можат да се внесат како влог во трговско друштво

Предмет на влог во трговско друштво можат да бидат следните права, коишто содружник, односно акционер ги има врз една недвижност и тоа :

1. правото на сопственост, односно сосопственост;
2. правото на стварна службеност;
3. од личните службености : правото на плодоуживање и правото на употреба;
4. реален товар;
5. концесијата, кога е преносллива;
6. правото на долготраен закуп на земјиште, кога е преносливо и
7. друго облигационо право за употреба на недвижноста.

1)Правото на сопственост врз една недвижност, како влог во друштвото, може да биде неподелено, единствено и да му припаѓа само на едно лице, но исто така, според член 31 од ЗСДСП, повеќе лица можат да имаат право на сосопственост на неподелена ствар на која делот на секој од нив е определен сразмерно според целината (идеален, сосопственички дел). Сосопственикот може да располага со својот дел без согласност на другите сосопственици, а само во случај на продажба на сосопственички дел другите сосопственици имаат право на првенствено купување ( чл. 32 став 3 од ЗСДСП).

Поинаку стои работата со заедничката сопственост, која е сопственост на повеќе лица на неподелена ствар кога нивните делови се определиви, но не се однапред определени. Заедничката сопственост постои во случај на стекнување имот во брачна заедница, во вонбрачна заедница, во случај на здобивање на имот во наследничка заедница, во семејна заедница и во други случаеви определени со закон. Кога стварта е во заедничка сопственост, на тоа нема влијание фактот што во јавната книга е запишана како сопственик само на некој од нив, но тоа не ги засега правата на трети лица кои тоа не го знаеле и не биле должни да го знаат ( чл. 59 од ЗСДСП). Заедничарот ги врши овластувањата во поглед на заедничката ствар само зедно со другите заедничари, ако со договор меѓу нив или со закон поинаку не е определено. Заедничарот може својот дел во

заедничката сопственост да го пренесе само на друг заедничар на истата ствар, а не може полноважно да го пренесе на трето лице надвор од заедничарите. Доколку некој заедничар сака да го вложи својот дел како влог во трговско друштво, тој е овластен да бара утврдување на делот во заедничката ствар, ако такво утврдување е допуштено и можно. Со определувањето на неговиот дел тој станува сосопственик со другите заедничари, па за внесувањето на сосопственичкиот дел како влог во друштвото важат законските одредби кои се однесуваат на сосопствениците (в. чл. 60, 61 и 63 од ЗСДСП).

Кога правото на сопственост врз стварта ќе биде вложено во друштвото, тоа натаму стекнува право на сопственост врз таа ствар и со неа може да располага (чл. 34 од ЗТД). Ако пак биде вложено правото на сосопственост, друштвото станува сосопственик на стварта во обем и содржина какви што ги имал содружникот, односно акционерот кој го вложува тоа право, т.е. се менува сосопственикот, па наместо досегашниот ( кој може да биде физички или правно лице) кој станува содружник или акционер, тоа право го стекнува трговското друштво.

Ако се вложува ствар што е во заедничка сопственост со согласност со другите заеднички сосопсвеници, тогаш друштвото стекнува исклучиво право на сопсвеност врз таа ствар, бидејќи не може во односите меѓу содружниците, односно акционерите да фигурира право чиј обем и содржина се неопределени, а со тоа и неизвесни, а односите меѓу заедничарите во врска со таа ствар ќе си ги уредат самите тие, во онаа смисла како што меѓу себе се договориле.

Нема пречки во друштвото да се вложи недвижност ако врз неа постои некое ограничено стварно право ( например право на службеност, реален товар, хипотека ) ако е исполнета општата претпоставка со нејзиното вложување во друштвото да се зголеми имотот на друштвото со којшто тоа одговара за своите обврски. Природата и обемот на ограничувањето кои врз основа на тие права постојат во однос на оптоварената ствар, мораат да се земат предвид заради оценување на тоа: а) дали може воопшто таа ствар да се внесе како влог во друштвото и б) колкава е нејзината вредност. Така, например, спорно е дали во друштвото може да се внесе сопственост на недвижност која до тој степен е оптоварена со хипотека, што во случај на нејзина продажба заради намирување на обезбеденото побарување, целата нејзина вредност би служела за намирување на доверителите. Во такви случаи треба според околностите да се оцени траењето и обемот на ограничувањата, т.е. колкави се изгледите вредноста на недвижноста да се ангажира во корист на намирување на побарувањето на некое трето лице.

Со вложувањето на недвижност оптоварена со некое ограничено стварно право, се отвора прашањето што ќе стане кога таквото право ќе престане ( например кога во катастарот ќе се брише хипотеката бидејќи на доверителот му е намирено побарувањето што е обезбедено со хипотека, или се брише правото на службеност или реалниот товар), а друштвото за тоа недало никаква противчинидба. Со таквото престанување на стварното право - товарот, недвижноста добива поголема вредност од онаа којашто му ја признала на вложувачот при вложувањето во друштвото. За друштвото тоа нема никакво значење, ниту пак има потреба во врска со тоа да се извршат некакви промени во трговскиот регистар, бидејќи друштвото не е должно да известува дека се зголемила вредноста на она што во него е вложено.

Со таквото нешто може да биде оштетен оној содружник, односно акционер кој ја вложува стварта, бидејќи со тоа ќе се најде во нерамноправна положба спрема останатите содружници,

односно акционери. Тоа прашање може да се разреши уште во договорот со кој ја внесува стварта во друштвото на начин што ако отпадне товарот, друштвото да му исплати разлика во вредноста на стварта т.е. за износот кој ќе се определи со договорот како разлика на вредноста на проценетата ствар со товар и таа без товар, и да се определи кога и како друштвото е должно таа разлика да му ја намири. Истовремено друштвото може да се обврзе дека во тој случај ќе ја зголеми основната главнина за износот на побарувањето, а и содружникот, односно акционерот дека по основ на зголемување на таа главнина ќе го вложи во друштвото побарувањето коешто го има спрема друштвото по основ на зголемената вредност на стварта. Со оглед на тоа што побарувањето однапред е наведено во договорот, тоа доволно е определено па може да се преземе таква обврска во однос на побарувањето кое во време на внесувањето на стварта уште не постои, но јасно е опредлено под кои услови ќе може да настане, колкав ќе биде неговиот износ , кога ќе мора да се плати и кој тоа кому мора да му го стори.

Содружникот, односно акционерот не може да биде сигурен дека друштвото навистина и ќе ја зголеми основната главнина кога, според договорот, за тоа ќе дојде време - бидејќи за тоа одлучува собирот на содружниците, односно акционерското собрание. Во таков случај останува обврската на друштвото да ја намири така зголемената вредност на стварта со плаќање на износот определен во договорот.

2) Стварната службеност е право на сопственикот на една недвижност ( привилегирана ствар) за потребите на таа недвижност да врши определени дејствија врз недвижноста на друг сопственик ( послужна ствар) или да бара од сопственикот да се воздржува од вршење определени дејствија, што инаку би имал право да ги врши врз својата недвижност. Стварните службености се полски, куќни и комунално технички, како и правото на нужен премин, чија содржина е определена со одредбите од член 192 ств 1, член 194, 195 и 196 од ЗСДСП.

Како влог во трговско друштво, стварната службеност може да се вложи или заедно со вложувањето на правото на сопственост врз недвижноста која претставува привилегирана ствар, или пак вложувачот да воспостави врз своја недвижност како послужна ствар, стварна службеност во корист на трговското друштво кое е сопственик на привилегираната ствар.

Во овие случаи вредноста на влогот ќе се процени според вредноста на правото на стварната службеност т.е. на вложувачот ќе му се признае дека во друштвото внел имотна вредност врз основа на која му се признава сразмерно учество во основната главнина на друштвото.

3) Личната службеност е стварно право врз туѓа ствар со кое се овластува одредено лице, кое е во посебен однос со сопственикот на послужната ствар да се служи со неговата ствар на определен начин, а сопственикот на таа ствар тоа мора да го трпи (чл. 192 став 3 од ЗСДСП). Лични службености се правото на плодоуживање, правото на употреба и правото на домување чија содржина е определена со одредбите од чл. 208 - 217 од ЗСДСП. Правото на плодоуживање е лична службеност која му дава овластување на нејзиниот носител (плодоуживателот) без надоместок целосно да се служи со некоја ствар (послужна ствар) во согласност со нејзината намена, чувајќи ја нејзината суштина. Правото на употреба е право да се употребува туѓа ствар во границите на потребите на носителот на тоа право и на членовите на неговото семејство, без менување на суштината и намената на таа ствар и без извлекување на други имотни користи од

неа. Правото на домување е право туѓата станбена зграда или посебен дел од зграда или стан да се користи за живеење за потребите на носителот на тоа право и членовите на неговото семејство, како и на други лица кои тој ги издржува.

Од овие лични службености, предмет на влог во трговско друштво можат да бидат правото на плодоуживање и правото на употреба, а не и правото на домување бидејќи се работи за право кое лично може да го врши само физичко лице.

Во врска со ова, треба да се има предвид дека во друштвото не може да се вложи лична службеност врз туѓа ствар како послужна ствар, бидејќи нејзиниот носител не може да ја пренесува на трето лице (чл. 209 став 2 и 3 од ЗСДСП). Меѓутоа, нема пречка некој да заснова таква службеност во корист на друштвото на товар на целата недвижност или на нејзиниот идеален дел коишто ги има во сопственост, ако тоа е можно со оглед на содржината на службеноста и природата на послужната ствар. Бидејќи станува збор за имотно право на коешто може да му се одреди вредноста, тоа може да се внесе во друштвото со тоа што на оној што го внесува не му се плаќа посебен надоместок, туку му се признаваат права во друштвото на ист начин како и при внесувањето на влогот во вид на стварна службеност.

4) Реалните товари се определени давања и чинења што во корист на определена недвижност или лице треба сукцесивно да ги врши постоечкиот сопственик на определена недвижност (оптоварена недвижност) на товар на таа недвижност (чл. 236 од ЗСДСП).

Стварниот товар може да биде предмет на влог во трговско друштво под слични услови како и личната службеност. Значи реалниот товар може да му се даде на друштвото како корисник на тој начин што ќе се оптовари недвижноста на сопственикот, со овластување на друштвото - корисник на товар на вредноста на недвижниста или нејзиниот сосопственички дел да му се даваат ствари или да се чинат дејствија коишто се содржина на тоа стварно право. При тоа, со внеувањето на тоа право во друштвото, вложувачот не добива надоместок, туку удел во ДОО или акции во АД.

5) Концесијата не е стварно право, но има имотна вредност, па може да биде предмет на влог во трговско друштво. Според Законот за концесии ( „Сл. весник на РМ" бр. 25/02, 34/03), концесијата е акт со кој се отстапуваат на користење добрата од општ интерес за Република Македонија и вршењето на дејностите поврзани со добрата од општ интерес за кои со посебен закон е предвидено издавање на концесија. При тоа, во смисла на законот, концедент е Република Македонија, општината и градот Скопје , а концесионер е правно или физичко лице, запишано во Трговскиот регистар, вклучувајќи ги и странските правни лица со подружница запишана во Трговскиот регистар, на кое, по спроведувањето на постапката за доделување на концесија и со склучувањето на концесискиот договор му е доделена концесија.

Според член 8 од Законот за концесии, концесијата може да се пренесе целосно или делумно со претходна писмена согласност на концедентот, доколку посебниот закон не предвидува дека концесијата не може да се пренесе. Во концесискиот договор може да се предвиди пренос на правата од договорот во корист на заемодавачите, како средство за обезбедување на нивното побарување кон концесионерот, под услов со тоа да не се загрозува континуираното работење и квалитетното вршење на концесиската дејност. Преносот на акции

или удели кај концесионерот странско лице кое основало друштво согласно со Законот за трговските друштва , кои поединечно или во збир би довеле до промена на управувачкиот пакет во друштвото, не може да се изврши без претходна писмена согласност на концедентот.

Доколку концесијата е преносива, концесионерот може да ја вложи во друштвото и да стане содружник, односно акционер на трговското друштво во кое ја вложил концесијата.

Во врска со имотно-правните односи на добрата, објектите, постројките и инсталациите кои концесионерот делумно или целосно ги изградил, според член 4 став 2 и член 11 од Законот за концесии, се применува имотно-правниот режим согласно со законите со кои се утврдени имотно-правните односи и посебниот закон. Со јавниот повик за доставување на понуди и со концесискиот договор ќе бидат прецизно наведени добрата од општ интерес, објектите, постројките или другиот имот што се предмет на враќање во случај на престанок на концесијата, како и состојбата во која треба да се наоѓаат при враќањето и обврските на концесионерот во поглед на начинот и постапката за враќањето. За овие одредби од Законот за концесии, нужно е да се води сметка при внесувањето на концесијата како влог во трговското друштво.

И според член 14 од Законот за градежното земјиште, Владата на РМ може градежно земјиште во сопственост на Република Македонија да даде под концесија на домашно и странско правно и физичко лице, ако намената на тоа земјиште е поврзана со дејност или добро во општ интерес на Републиката за кои со Законот за концесии и Законот за градежното земјиште е предвидено давање на концесии. Според претходноизложеното, и ваквата концесија може да биде предмет на влог во трговско друштво.

6) Правото на долготраен закуп на градежно земјиште, исто така, иако не е стварно право , има имотна вредност па може да биде предмет на влог во трговско друштво. Правото на долготраен закуп е регулирано со Законот за градежно земјиште (ЗГЗ), со кој, според член 19, е пропишано дека на градежно земјиште може да се основа право на долготраен закуп во корист на домашни и странски физички и правни лица, со тоа што тој закуп може да трае најмногу 99 години. Според член 21 од ЗГЗ, правото на долготраен закуп на градежно земјиште е право на туѓо градежно земјиште што го овластува неговиот носител на површината на тоа земјиште или под неа да изгради сопствен објект, а сопственикот на земјиштето е должен тоа да го трпи.

Правото на долготраен закуп на градежно земјиште може да се отуѓи и да се наследи со закон или со договорот за долготраен закуп, доколку со закон или договорот поинаку не е определено. Тоа право може да се оптовари со службености, заложно право и реални товари. Објектот кој е изграден врз основа на правото на долготраен закуп, се пренесува, наследува и оптоварува заедно со правото на долготраен закуп (чл. 25 од ЗГЗ).

Правото на долготраен закуп задолжително се запишува во јавната книга за запишување на правата на недвижностите како товар на земјиштето што се оптоварува и како посебно право, со тоа што закупот произведува правно дејство од денот за запишувањето на договорот во јавната книга. Објектот кој е изграден, ќе се запише во јавната книга како објект изграден на земјиште оптоварено со право на долготраен закуп (чл. 25 од ЗГЗ).

На преносот на правото на долготраен закуп на соодветен начин се применуваат одредбите за стекнување на право на сопственост на недвижности врз основа на правно дело, одлука на суд и наследување ако со закон поинаку не е определено. Со правото на долготраен закуп истовремено се пренесува и правото на сопственост на објектот изграден на земјиштето на кое е објектот изграден врз основа на право на долготраен закуп (чл. 32 од ЗГЗ).

Со истекот на рокот на договорот за долготраен закуп, она што со тоа право било правно одвоено од земјиштето станува прирасток на градежното земјиште, односно сопственост на сопственикот на земјиштето. На односот меѓу сопственикот на градежното земјиште и лицето на кое му престанало правото на долготраен закуп, на соответен начин се применуваат одредбите од ЗСДСП, според кои се проценуваат односите по престанокот на правото на плодоуживање, ако со правното дело не е нешто друго определено (чл. 37 од ЗГЗ).

Понапред цитираните одредби, а и другите одредби од ЗГЗ со кои е регулиран долготрајниот закуп на градежното земјиште, треба да се има предвид при внесувањето на ова право како влог во трговско друштво, и сообразно со тоа на внесувачот да му се признаат правата на содружник, односно акционер во друштвото.

На сличен начин може да се уреди и внесувањето како влог во трговско друштво и долготрајнот закуп на земјоделско земјиште.

8) Правото на употреба на недвижноста, како друго облигационо право во корист на друштвото, може да се внесе како влог во друштвото, но само ако тоа право може да се издвои од имотот на вложувачот и да се пренесе во имотот на друштвото. При тоа, треба да се внимава дали на вложувачот му е овозможено во секое време да го раскине договорот, за која цел, со договорот за внесување на ова право како влог во друштвото, може да се внесе одредба вложувачот да нема право да го раскине тој договор седодека друштвото постои, односно се додека вложувачот е содружник, односно акционер. Меѓутоа, доста голем број ризици се поврзани со ваквото вложување, бидејќи доверителите на вложувачот можат, за наплата на своето побарување спрема вложувачот, да бараат недвижноста да се продаде при присилно извршување, а друштвото тоа да не може да го спречи.

Токму поради тоа, упатно е, во случаи на потребата од вакво вложување да се вложи како влог правото на лична службеност на плодоуживање или употреба, кое, како стварно право се запишува и во јавните книги во кои се запишува правото на сопственост и како такво друштвото го задржува и натаму и во случај недвижноста да ја стекне трето лице.

9) Правото на користење на неизградено градежно земјиште, како влог во трговско друштво ја изгуби својата актуелност со оглед на одредбите од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост ( „Сл. весник на РМ” бр. 4/05), според кои е овозможено да се приватизира таквото земјиште под условите пропишани со тој Закон. Доколку во роковите определени со тој Закон, правото на користење на градњежно земјиште во државна сопственост не биде трансформирано во право на сопственост, тоа право се претворува во право на долготраен закуп на градежно земјиште, па за внесувањето на таквото право како влог во трговско друштво, важи она што е претходно речено за долготрајниот закуп на градежно земјиште.

б) Права врз подвижни ствари коишто можат да се внесат како влог во трговско друштво

Правата врз подвижни ствари, кои можат да се внесат како влог во трговско друштво, се истите оние кои се однесуваат и на недвижностите , со исклучок на концесијата и правото на долготраен закуп на градежното земјиште. Несомнено е дека може да се внесе како влог во трговско друштво правото на сопственост, односно на сосопственост врз подвижна ствар, а исто така и службеностите што се наведени понапред и реалниот товар, со соодветно регулирање на односите поради различната природа на недвижните ствари, особено имајќи предвид дека правата врз нив се стекнуваат со предавање во владение, додека кај недвижните ствари правата се стекнуваат со запишување во соодветните јавни книги.

в) Правата од индустриска сопственост, од авторско право и уделите, односно акциите во трговско друштво како влог во трговско друштво

1)Правата од индустриска сопственост во Република Македонија регулирани се со Законот за индустриска сопственост (ЗИС) ( објавен во „Сл. весник на РМ" бр. 47/02, 42/03, 9/04, 39/06, а пречистениот текст е објавен во „Сл. весник на РМ" 40/04). Според тој Закон, права од индустриска сопственост се права од интелектуални творби и економски врски од областа на индустријата и трговијата, вклучително и земјоделството. Според тој Закон, такви права се : патент, индустриски дизајн, трговска марка, ознака на потеклото и географска ознака. Патент е право од индустриска сопственост со кое се штити пронајдок во постапка утврдена со Законот. Индустриски дизајн е право од индустриска сопственост стекнато во постапка според Законот со кое се штити нова форма на тело, слика, цртеж, контура, композиција на бои или нивна комбинација-дизајн. Трговска марка (стоковна, услужна, колективна и сертификатна марка) е право од индустриска сопственост стекнато со постапка според Законот со кое се штити трговски знак. Географска ознака е право од индустриска сопственост стекнато според Законот со кое се штити географски назив. Ознака на потекло е право од индустриска сопственост стекнато според Законот со кое се штити географски назив.

За внесувањето на овие права како влог во трговско друштво, од значење е одредбата од ЗИС, според која, материјалното право на носителот на патентот, индустрискиот дизајн и трговската марка го опфаќа правото на користење , на располагање, правото на надоместок и правото да се забрани на трети лица неовластено користење во случаите и на начин што се предвидени со меѓународни договори и конвенции, со ЗИС, со друг закон и со договор. Носителот на колективната трговска марка и овластените корисници на ознака на потеклото и географска ознака ги уживаат напред спомнатите права, освен правото на располагање.

За вршење на работите во врска со стекнувањето и заштитата на правата од индустриската сопственост основан е Државен завод за индустриска сопственост, кој има својство на правно лице и е со седиште во Скопје.

И лиценцата за искористување на овие права, наместо надоместокот за лиценцата , може да се внесе во трговско друштво како влог , наместо надоместокот што би се добил за лиценцата.

Како влог во трговско друштво можат да бидат внесени и непатентираните пронајдоци, постапки и слично, во вид на знаење и искуство - КНОЊ ХОЊ.

Влог во трговско друштво може да биде и топографијата на интегралните кола, која се штити според Законот за заштита на топографијата на интегралните кола ( објавен во „Сл. весник на РМ” бр. 5/98, 33/06 ).

2) Авторското право во Република Македонија е регулирано со Законот за авторското право и сродните права (ЗАПСП) ( објавен во „Сл. весник на РМ” бр. 41/96, 3/98, 98/02, 4/05, со пречистен текст објавен во „Сл. весник на РМ” бр. 23/05). Според тој Закон, авторско дело е индивидуална и интелектуална творба од областа на книжевноста, науката, уметноста и од други области на твореаштвото, независно од видот, начинот и формата на изразување. Автор е физичко лице кое создало авторско дело. Авторското право му припаѓа на авторот врз основа на самото создавање на делото, независно дали делото е објавено.

Авторското право е единствено право и неразделно од авторското дело, што содржи лично-правни овластувања (морални права), исклучиви имотно-правни овластувања (материјални права) и други овластувања на авторот. Авторот има исклучиво материјално право да го користи своето дело и да дозволува или да забранува користење на делото за : издавање, репродукција, дистрибуција вклучувајќи и изнајмување и позајмување, јавно изложување, јавно соопштување и преработување.

Според ова влог во трговско друштво може да биде материјалното право на искористување на авторското дело.

3) Уделот на содружник во трговско друштво и акциите можат да бидат влог во друго трговско друштво, само доколку според договорот за основање на трговското друштво и законските одредби нема пречка да се пренесуваат на трето лице. При нивното вложување во друго трговско друштво, носител на правата од содружништвото, односно од акциите, наместо вложувачот, станува трговското друштво во кое е внесен уделот, односно акциите.

г) Облигационо-правни побарувања како влог во трговско друштво

Побарувањата можат да бидат влог во трговско друштво само доколку се работи за побарувања коишто вложувачот ги има спрема трети лица. Од суштесвено значење при тоа е побарувањата да имаат имотна вредност. Тоа може да бидат побарувања за исплата на пари, за пренос на некое право, за изработка на некакво дело. Ако само станува збор за побарување да се предаде некоја ствар за врз неа да се стекне облигационо право на употреба, нужно е да бидат исполнети и прêтпоставките за вложување на претходно спомнатаото право на употреба. Не би можело да се вложи побарување за давање услуги на друштво со ограничена одговорност (чл. 174 став 2 од ЗТД), односно во акционерско друштво (чл. 292 од ЗТД), бидејќи со тоа не се создава таква вредност во друштвото со која тоа би одговарало за обврските спрема трети лица.

Како предмет на влогот може да дојдат предвид и побарувањата од двостранообврзувачките договори, но при определувањето на вредноста мора да се земе предвид и вредноста на обврските коишто друштвото ќе мора да ги исполни во таков случај спрема должникот на побарувањето коешто му се пренесува на друштвото. Во однос на идните

побарувања треба да се разликуваат оние кои се со одложен рок од оние со суспензиве услов. Кај првите сигурно е дека побарувањето ќе настане, па со оглед на рокот треба да се процени и вредноста на правото коешто се внесува во друштвото. Поради тоа тие можат да се вложат во друштвото. Вторите побарувања, поради својата неизвесност не се подобни да бидат предмет на влогот. Меѓутоа, предмет на влогот можат да бидат и побарувања за исполнување на идни сторувања. Од суштествено значење е сторувањата да се определени и да имаат имотна вредност.

Може да се вложи и побарувањето спрема акционерското друштво, но при основањето тоа ќе биде исклучок и тоа само во случај кога преддруштвото на акционерското друштво ќе преземе некоја обврска во име на идното акционерско друштво, па тоа побарување на доверителот се внесува во друштвото како влог при неговото основање. Инаку, по правило, тоа се прави со внесување на влог при зголемување на основната главнина на друштвото. Побарувањето спрема друштвото му се пренесува на друштвото, така што на тој начин, поради соединувањето (конфузијата), со која друштвото станува и доверител и должник, доаѓа до престанување на обврската на друштвото спрема оној кој му го пренел побарувањето. Суштествено е при тоа да се постапи според правилата за вложување на права во друштвото, бидејќи во спротивно би се работело за пребивање (компензација) којашто, кога станува збор за уплата на акции, односно на влог во друштвото, не е допуштена .

Тоа значи дека на таквото побарување мора да му се определи вредноста. При тоа мора да се земе предвид ликвидноста на друштвото, па според тоа и степенот на извесност и обемот на можната наплата на долг од друштвото, времето на пристигнатост, бидејќи станува збор за тоа пристигнатото побарување дека треба да се претвори во основна главнина. При тоа исто така од значење е прашањето дали друштвото може да ја намири обврската, а да не се зголеми неговата основна главнина. Затоа треба да се процени во која мерка и кога тоа би можело да се стори. Побарувањето може да се внесе во друштвото во полн износ само ако е во целост ликвидно, што значи дека е и наплатливо. Околноста што уште не е пристигнато не значи дека поради тоа секогаш мора од неговиот номинален износ да се одбие некој износ, особено ако ликвидноста на побарувањето е задоволувачко.

### 3. Правни инструменти за внесување непаричен влог во трговско друштво

За правните инструменти, т.е. за определување на начинот за пренос на стварите и правата како влог во друштвото, од значење е да се има предвид следното:

а) дали оној кој на друштвото му пренесува некоја ствар или право, односно за чија сметка е тоа сторено, врз основа на тоа станува содружник или акционер;

б) дали друштвото за тоа што е извршен ваков влог. спрема оној кој му го пренесува правото треба да исполни некое друго противсторување или

в) друштвото според околностите таквото право го стекнува бесплатно.

Во сите три наведени случаи друштвото стекнува некое право врз основа на правно дело, со тоа што постои разлика единствено во тоа дали друштвото за тоа извршува некакво противсторување и какво на име надомест за стекнување на тоа право. Правното дело мора да ги исполнува сите претпоставки коишто се бараат според прописите за неговата полноважност,

односно со кои се уредува стекнувањето на одделни права. Во тој дел наведените случаи не се разликуваат.

Така например, доколку се работи за ствар, тоа значи дека освен : а) општите претпоставки за стекнување на стварно право (стварта да е подобна да биде предмет на правото кое што се стекнува, субјектот да е способен да биде субјект на таквото право врз спомнатиот предмет и да постои полноважна правна основа на стекнувањето ), мора да се исполнат и б) посебните претпоставки кои се бараат за стекнување на одделоно право. Покрај тоа се бара и в) начин на стекнување, т.е. предавање на подвижната ствар во самостојно владение на друштвото, односно запишување на правата во јавните книги на име на друштвото, доколку станува збор за недвижност. Без исполнивање на овие претпоставки не би постоело полноважно стекнување на правото.

Ако се работи за внесување на ствар или право во друштвото, за врз основа на тоа да се стане содружник, односно акционер, на договорот со кој тоа се прави му се одзема чистата облигационоправна природа, и тој станува договор од посебен вид т.е.организационоправен договор од подрачјето на правото на друштвото.

Во врска со внесувањето на другите права треба да се има предвид она што е пропишано за преносот на тие права. Така, за внесување на право од индустриска сопственост се бара да бидат исполнети претпоставките пропишани за пренос на одредено такво право или за давање лиценца за негово искористување, зависно од тоа за кое право се работи во конкретниот случај. Исто така, за пренос на некое од авторските права треба да се исполнат претпоставките коишто за тоа се пропишани со Законот за авторското право и сродните права. За пренос на удел, или акции во друго друштво, па дури и за ортачки влог во одреден ортаклак, се бара исполнување на претпоставките пропишани за тоа во ЗТД, односно во ЗОО. Побарувањата се пренесуваат според правилата кои важат за отстапување на побарувања (цесија), а ако се работи за хартија од вредност, тие можат да се пренесуваат со индосамент или со договор. Ако не се исполнети овие претпоставки, преносот не е полноважен.

Правни инструменти, значи, за вложување на ствари, односно права и побарувања во едно трговско друштво, се : а) статутот на акционерското друштво, односно договорот за другите трговски друштва (изјавата кај ДООЕЛ) и б) договорот за пренос на правото на сопственост , односно на друго право, од вложувачот врз друштвото.

Јавното трговско друштво (ЈД) (чл. 110, 112), командитното друштво (КД) (148,150) и друштвото со ограничена одговорност (ДОО) (170 од ЗТД) се основаат со договор за друштвото, кое го склучуваат сите основачи во писмена форма со тоа што потписите на основачите се заверуваат кај нотар. Исто така и изјавата на основачот на друштво со ограничена одговорност основано од едно лице (ДООЕЛ) се заверува кај нотар.

Договорот за основање на овие друштва, како и изјавата на основачот на ДООЕЛ, меѓу другото содржи:

- кај ЈД : вид и износ на влогот и начинот на личното учество на секој содружник во работата на ЈД (чл. 112 ст. 1 т. 4 и 5 од ЗТД);

- кај КД: видот и соодносот на влоговите кај секој од содружниците (чл. 151 ст.1 т. 6 од ЗТД)
- кај ДОО и ДООЕЛ: износ на основната главнина и износот на влогот на секој содружник одделно, а ако влогот е непаричен - подробен опис и назначување на неговата вредност (чл. 171 ст.1 т.5 од ЗТД).

Во врска со внесувањето на непаричнот влог во овие друштва, важат општите одредби од член 35 од ЗТД, кои се понапред наведени . Покрај тоа, во врска со непаричниот влог кај друштвото со ограничена одговорност (ДОО), Законот за трговските друштва (ЗТД) содржи посебни одредби кои се наведуваат натаму.

Со изменетиот член 175 („Сл. весник на РМ” бр. 25/07) е пропишано следното:„ (1) Пред поднесувањето на пријавата за упис на основањето на друштвото во Трговскиот регистар, содружникот нема обврска за уплаќање на паричниот влог, ниту пак за внесување на непаричниот влог. (2) Во случај на уплата на паричниот влог пред поднесувањето на пријавата за упис на друштвото во Трговскиот регистар, уплатата се врши на привремена сметка на друштвото кај носител на платниот промет во Република Македонија”.

Оваа одредба не претставува пречка со договорот за друштвото да се предвиди обврска на содружникот непаричниот влог да биде внесен во друштвото уште пред поднесувањето на пријавата за упис на друштвото во Трговскиот регистар. По однос на паричниот влог, таквиот заклучок недвосмислено произлегува од одредбата од став 2 од член 175 од ЗТД;

Со член 176 од ЗТД е пропишано следното:

- 1)„Ако влогот што го презема друштвото е непаричен, во договорот за друштвото, односно во изјавата за основање на друштвото поблиску се определуваат:
- 2) содружникот кој го внесува непаричниот влог,
- 3) непаричниот влог што се внесува,
- 4) вредноста по којашто друштвото го презема непаричниот влог и
- 5) погодностите што му се признаваат на содружникот којшто го внесува непаричниот влог ако содружниците се договорат за таквите погодности.
- (2) Кон договорот за друштвото се приложува извештај за процена на непаричниот влог од овластен проценувач. На непаричните влогови соодветно се применуваат одредбите од членот 35 на овој Закон”.

Со член 177 од ЗТД е пропишано следното

- Ако вредноста на поединечните непарични влогови е помала од 5.000 ЕВРА во денарска противвредност и ако вкупната вредност на целината на непаричните влогови не ја надминува половината на основната главнина, содружниците можат едногласно да одлучат да не ја проценуваат вредноста на непаричниот влог. Во тој случај, содружниците пред поднесувањето на пријавата за упис на основањето на друштвото, составуваат извештај за непаричните влогови во којшто наведуваат дека вредноста на непаричниот влог не е помала од висината на презмениот влог”.

Со член 178 од ЗТД е пропишано следното:

- „ Ако на содружникот на друштвото му се дава надомест за непаричен влог што го внесува во друштвото и таа вредност се додава на неговиот влог или ако на некој содружник му се даваат посебни погодности во друштвото, во договорот за друштвото во подробности и во целина се наведува содружникот на друштвото кој го внесува непаричниот влог, опис на она што, на таков начин, се внесува и неговата вредност изразена во пари, како и посебните погодности што ги стекнува содружникот на друштвото”.

Со член 179 од ЗТД е пропишано следното:

- „(1)Ако друштвото не биде основано во рок од шест месеца , сметајќи од денот на внесувањето на првиот влог, на начин определен со договор за друштвото, секој основач кој го внел влогот може со предлог да бара од судот да му го утврди правото да му биде вратен неговиот внесен непаричен влог и да ги задолжи другите основачи да му го вратат, а за враќање на паричниот влог да ја задолжат банката во која што е уплатен паричниот влог.
- (2) Ако основачите одлучат да го основаат друштвото по правосилноста на одлуката на судот од ставот (1) на овој член, се спроведува нова постапка за внесување на влоговите во друштвото”.
- Акционерското друштво (АД) се основа со статут. АД може да биде основано од едно или повеќе лица со тоа што основачи на друштвото се лицата кој го потпишале статутот, а чии потписи на статутот се заверуваат кај нотар (чл. 285 од ЗДТ). Без оглед на тоа дали друштвото се основа симултано или сукцесивно, во член 287 од ЗТД, не е пропишано дека во статутот се содржани одредби како оние што се содржани во член 171 од ЗТД за договорот со кој се основа ДОО т.е. одредби за тоа дека ако влогот во АД е непаричен дека во статутот требаа да биде содржан подробен опис и назначување на вредноста на таквиот влог. Меѓутоа, одредба за тоа дека во статутот мора да се одредат непаричните влогови што се внесуваат, лицата кои во друштвото внесуваат непарични влогови и номиналниот износ на акциите коишто ќе им бидат дадени за внесените влогови, содржани се во одредбата од член 291 став 6 од ЗТД, која се цитира подолу.
- Според член 290, издадените акции можат да се платат со пари, со внесување на непаричен влог или комбинирано . Акциите се уплатуваат во пари на времена сметка кај банка на основачите. Ако акцијата се уплатува делумно со пари, а делумно со внесување непаричен влог, пред поднесувањето на пријавата за упис на друштвото во трговскиот регистар, мора, во потполност, да се уплати оној дел што се уплатува со пари.

По однос на внесувањето на непаричниот влог во АД, со одредбите од член 291 од ЗТД, е пропишано следното:

- „(1)Пред поднесување пријава за упис за основање на друштвото, непаричниот влог се внесува во целост. Ако вредноста на внесениот непаричен влог во времето на поднесувањето на пријавата за упис на основањето на друштвото не го достигнува

износот на преземениот влог, акционерот мора да ја доплати разликата во пари пред уписот на основањето на друштвото во трговскиот регистар.

- (2) Целосното внесување на непаричните влогови мора да биде извршени така што друштвото ќе може слободно да располага со нив од денот на уписот на основањето на друштвото во трговскиот регистар.
- (3) Преземањето на непаричниот влог заради замена со акции се врши според договорот за преземање акции.
- (4) Ако вложувањето на непаричниот влог на основачот се состои во преземање обврска да му пренесе на друштвото ствар, преносот мора да се изврши во рок од пет години од денот на уписот на друштвото во трговскиот регистар. На непаричниот влог којшто се внесува во друштвото не може да се оствари право на задржување за побарување кое што не се однесува на непаричниот влог. Проценетата вредност на непаричниот влог што се внесува мора да одговара на номиналниот износ на акциите, а ако акциите се издаваат за износ поголем од нивниот номинален износ, проценетата вредност на непаричниот влог мора да одговара на тој поголем износ.
- (5) Ако лицето од ставот (4) на овој член не ја исполни обврската од ставот (4) на овој член, е должно да ја плати вредноста на стварта за којашто била преземена обврска да биде пренесена на друштвото како непаричен влог.
- (6) Ако во статутот, односно во одлуката за издавање на акциите е определено акциите што ги преземаат акционерите, целосно или делумно, да не ги платат со паричен влог, туку со внесување постојни или идни непарични влогови, во статутот мора да се одредат непаричните влогови што се внесуваат, лицата кои во друштвото внесуваат непарични влогови и номиналниот износ на акциите коишто ќе им бидат дадени за внесените влогови или надоместокот што треба да се даде за внесените непарични влогови коишто се смета за дел од внесениот непаричен влог.
- (7) Без дејство спрема друштвото се договорите за внесување непаричен влог и правните дејствија со коишто тоа се остварува, ако не се определени на начин од ставот (3) на овој член. Ако друштвото е запишано во трговскиот регистар, договорите и дејствијата кои немаат правно дејство спрема друштвото не влијаат на полноважноста на статутот. Ако договорот за внесување непаричен влог е без правно дејство спрема друштвото, акционертот е должен да го уплати во пари вкупниот номинален износ на акциите или повисокиот износ за кој тие се издадени.
- (8) По уписот на друштвото во трговскиот регистар не може, со измена на статутот, да се отстрани неважноста на договорот, односно правните дејствија од ставот (7) на овој член.
- (9) Вредноста на непаричен влог што се внесува во замена за акции се утврдува со извештај за процена, изработен од овластен проценител, во согласност со членот 35 од овој Закон.

- Спесифичност кај сукцесивното основање на АД е и тоа што во јавниот повик од член 304 од ЗТД, со којшто се повикува на запишување акции мора да бидат содржани и податоци за непаричните влогови.

- Според понапред изнесеното, за вложување на непаричен влог во ДОО и АД потребно е да биде склучен и договор за внесување на непаричен влог во друштвото, што не значи

дека таков договор не е потребен и при основањето на другите видови друштва. Имено, покрај останатото, со одделни одредби од ЗТД, во врска со пријавата за упис на друштвото во Трговскиот регистар, е пропишано следното, и тоа:

- за друштвото со ограничена одговорност, кон пријавата за упис во трговскот регистар се приложуваат, според член 183 став 1 точка 5 и 9 од ЗТД - ако се внесуваат непарични влогови - договорите со коишто тие се утврдуваат и спроведуваат, извештајот на проценувачот, освен кога во согласност со член 177 од ЗТД не се врши процена, како и доказ за сопственост во којшто е извршена прибелешка во јавна книга за евиденција на недвижни ствари, а ако се внесува подвижна ствар за којашто со закон е определена обврска за евиденција (регистрар) - доказ за сопственост на подвижната ствар;

- за акционерското друштво, според член 298 став 3 точка 4 и член 316 став 3 точка 3 од ЗТД - ако се преземаат акции со внесување на непарични влогови - кон пријавата за упис во трговскиот регистар се приложуваат договорите со коишто се утврдуваат и спроведуваат тие, извештајот на проценителот и доказ за сопственост во којшто е извршена прибелешка во јавна книга за евиденција на недвижни ствари, а ако се внесува подвижна ствар за којашто со закон е определена обврска за евиденција (регистар) - доказ за сопственост на подвижната ствар.

По однос на јавното трговско друштво и командитното друштво, со одредбите од член 115 став 2 точка 4, односно член 153 став 3 точка 3 од ЗТД е пропишано дека, покрај останатото, кон пријавата за упис на друштвото во трговскиот регистар се приложува и доказ за сопственост во која што е извршена прибелешка во јавна книга за евиденција на недвижни ствари, а ако во друштвото се внесува подвижна ствар за која што со закон е определена обврска за евиденција (регистар) - доказ за сопственост на подвижната ствар.

Договорот за внесување ствари во друштвото, всушност се склучува со преддруштвото. Имено, според член 23 став 3 од ЗТД, правата стекнати од името на трговското друштво пред уписот во трговскиот регистар, се заеднички неподелен имот на основачите, освен ако основачите поинаку не се договориле.

Договорот за внесување на ствари или права во друштвото е потребен поради тоа што тој претставува правна основа за пренос на правото од вложувачот врз друштвото. Во договорот треба да бидат поподробно пропишани карактеристиките на стварта која се внесува во друштвото. Така, ако се внесува недвижна ствар, треба да се внесат податоците кои се забележани во катастарот на недвижностите. Истото тоа важи ако се внесува некакво ограничено стварно право врз недвижност, за да може тоа право да се запише во катастарот на недвижностите. Во врска со тоа треба да се има предвид одредбите од член 55 од Законот за нотаријатот (објавен во „Сл. весник на РМ" бр. 55/07), во кој во став (1) точка д) е пропишано дека во нотарскиот акт треба да има детален опис на предметот на актот. Кога предметот на актот е недвижност треба точно да се наведат податоци од катастарот на недвижности, односно катастарот на земјиште. Ако недвижниот имот се наоѓа во катастарска општина за која нема утврден катастар на недвижности, ниту е извршено поединечно запишување на правата на недвижностите, а имотот не е евидентиран во катастарот на земјиште, се наведуваат податоци од исправите за правниот основ, врз основа на кој е стекнато правото на недвижност, што е предмет на тој акт. Во секој случај нотарскиот акт, односно потврдената (солемнизираната) приватна исправа, т.е. договорот, според член 43 од

Законот за нотаријатот, доколку во нив е содржано обврска за засновање, пренос, ограничување или престанок на некое стварно право, мора да содржи одредба дека должникот изрично се согласил на тоа (клаузула интабуланди).

По однос на внесување на непаричен влог кој се состои во други права, стварни, облигациони и други, како и на побарувања, во договорот склучен со основачите на друштвото - т.е. со преддруштвото, треба тие права односно побарувања да се опишат според нивните карактеристики, за да нема сомнение во нивната идентификација. Доколку како влог се внесува претпријатие во акционерското друштво, треба да се има предвид одредбата од член 295 став (2) точка 4), дека во основачкиот извештај кај симултаното основање, се прикажува неговата добивка којашто ја покажало во последните три години, односно за времето пократко од три години, искажано во годишната сметка во претходната деловна година над којашто е извршена ревизија од овластениот ревизор.

По запишувањето на друштвото во трговскиот регистар, надлежниот орган на управување во друштвото, врз основа на претходното склучени договори, ќе побара од органите кај кои се евидентираат соодветните права кои претставуваат непаричен влог во друштвото, од името на вложувачот да се пренесет на име на друштвото. Поради тоа во време на уписот на друштвото во Трговскиот регистар мора да бидат исполнети сите претпоставки за тоа друштвото да ја стекне стварта или правото коешто се внесува во него и тоа стекнување да зависи само од друштвото. Значи, суштествено е вложувачот до тогаш да го исполнил се она што од него се очекува за да би можело стварта, правото или побарувањето да се пренесе на друштвото, и тоа:

а) да постои таквото право на вложувачот со што се овозможува друштвото да го стекне правото коешто се внесува во друштвото; б) да е склучен полноважен договор за пренос на правото врз друштвото и

в) во договорот да е содржана клаузула дека друштвото е овластено од органот кој го води соодветниот регистар, по уписот на друштвото во Трговскопт регистар да бара, и без присуство на вложувачот, тоа право од име на вложувачот да се пренесе на име на друштвото.

## 4. Одговорности во врска со внесување непарични влогови во трговско друштво

Одговорностите на внесувачите на непарични влогови во трговско друштво пропишани се со одредбите од Законот за трговските друштва, но произлегуваат и од општите одредби со кои се регулирани облигационите односи (напр. одговорноста за евикција). Покрај тоа, со ЗТД е пропишана и одговорност на основачите на друштвото во врска со тоа, кога за таквата одговорност ќе бидат остварени претпоставките, содржани во определени одредби од ЗТД .

Заради поедекватно презентирање на одговорностите на овие лица, а и поради ограниченост на просторот, натамошното изложување ќе биде извршено редоследно, само според одредбите од ЗТД во кои се содржани такви одговорности и претпоставките за тоа.

Според член 35 став 10 од ЗТД, лицата кои стекнале удел, односно акции во замена за непарични влогови се лично и неограничено одговорни со сиот свој имот спрема трговското

друштво за вредноста на непаричните влогови утврдена во извештајот за проценка за време од пет години од денот на објавувањето на уписот во трговскиот регистар на договорот за друштвото, на статутот, односно одлуката за зголемување на основната главнина.

Покрај тоа, според член 35 став 4 од ЗТД, проценителот е лично и неограничено одговорен со сиот свој имот за точноста на податоците во извештајот за процена, за проценетата вредност на непаричниот влог и поднесува кривична одговорност, ако не го применува кодексот за етика на овластените проценители и меѓународните стандарди за процена, заради што нереално ги проценил непаричните влогови што ги презема трговското друштво. Ваквата одговорност всушност е од посебно значење, имајќи ја предвид одредбата од став 7 од член 35, за тоа дека при уписот во трговскиот регистар не се проверува точноста на податоците, односно проценетата вредност.

Во врска со основањето на друштвот со ограничена одговорност, од посебно значење е одговорноста на содружниците и управителите на ДОО за штетата причинета при основањето на друштвото, за кое нешто подробни одредби се содржани во член 181 од ЗТД, со кој е пропишано следното:

„(1) Содружниците и управителите кои при основањето на друштвото дале погрешни податоци заради кои основната главнина не го достигнала договорениот износ, должни се да ги уплатат износите што не се уплатени и да ги надоместат плаќањата што се извршени при основањето на друштвото, а не се прифатени како трошоци за основање на друштвото. Содружниците и управителите одговараат и за другите штети што биле причинети со договор.

(2) Содружниците и управителот му одговараат на друштвото, како солидарни должници и за штетата што е причинета поради невнесување или неправилно внесување на непаричните влогови, поради превисоката процена на нивната вредност или поради какво било и да е друго штетно однесување и дејствие преземено во постапката за основање на друштвото за кое судот ќе утврди дека се одговорни за причинетата штета.

(3) Од одговорноста од ставовите (1) и (2) на овој член, се ослободува оној содружник, односно управител кој не знаел за фактите врз кои се темели одговорноста, ниту за нив морал да знае и кој постапувал со внимание на уреден и совесен трговец.

(4) Ако надоместувањето на штетата е нужно заради исполнување на обврските кон трети лица, друштвото не може да се откаже од правото да бара надомест на штета од ставовите (1) и(2) на овој член, ниту може да се спогодува во поглед на тоа прав.

(5) Правото да се бара надомест на штета од ставовите (1), (2) и (4) на овој член, застарува во рок од пет години од денот на објавувањето на уписот на основањето на друштвото во трговскиот регистар".

Во врска со непаричниот влог во друштвото, треба да се има предвид и одредбата од член 209 став 2 од ЗТД, според која, содружник кој иступува од друштвото, односно исклучениот содружник има право на надомест на неговиот удел според пазарната вредност што ја имал уделот во времето на иступувањето, односно на исклучувањето на содружникот. Ако влогот бил непаричен, содружникот има право внесеното да му се врати, ако тоа право е определено во

договорот за друштвото или ако со тоа се согласат другите содружници во рок што не може да биде пократок од три месеца од денот на истапувањето, односно исклучувањето од друштвото. Содружникот не може да бара надомест за причинета штета за случајно уништување , оштетување или намалување на вредноста на она што го вложил, како и ако до тоа дошло со редовна употреба.

Во врска со одговорноста на основачите при основање на акционерско друштво, со одредбите од член 299 и 317 од ЗТД, е пропишано следното:

„(1) Основачите на друштвото одговараат неограничено и солидарно за штетата што ќе ја претрпат друштвото и доверителите поради незаконитите дејствија, лажните или непотполните податоци што ги дале во врска со основањето на друштвото, односно што се содржани во основачкиот извештај и што се запишуваат во трговскиот регистар или што се содржани во прилозите за кои, со овој закон, е определено дека се приложуваат кон пријавата за упис на основањето на друштвото во трговскиот регистар.

(2) Основачите не можат да се повикуваат на тоа дека не им било познато дека има разлика во податоците, ако ја имаат потпишано изјавата од членот 32 на овој Закон.

(3) Ако основачите причиниле штета со внесување на непарични влогови или направиле неоправдани трошоци во врска со основањето, тие имаат обврска штетата да ја надоместат како солидарни должници. Основачот кој се однесувал како уреден и совесен трговец не одговара за таа штета.

(4) Покрај основачите на ист начин за штетата одговараат и лицата за чијашто сметка основачите ги презеле акциите. Тие лица не можат да се повикаат на тоа дека не им биле познати околностите што ги знаеле или што морале да ги знаат основачите кои дејствувале за нивна сметка".

По однос на одговорноста на други лица при основањето на акционерско друштво, со одредбите од член 300 и 317 од ЗТД, е пропишано следното:

„ Покрај основачите и лицата за чијашто сметка основачите ги презеле акциите на друштвото како солидарен должник му ја надоместува штетата и :

1) оној којшто примил уплата којашто,спротивно на законот, не е прифатена како трошок на основањето, а знаел или, според околностите, морал да знае дека се работи за намерно прикривање или свесно учествувал во тоа прикривање;

2) оној којшто со внесување непаричен влог со умисла или од крајно невнимание му нанел штета на друштвото или го оневозможил нанесувањето на штетата; и

3) оној којшто, пред уписот на друштвото во трговскиот регистар или во првите две години по уписот, јавно ќе објави дека ќе пушти акции во промет ако знаел или со внимание на уреден и совесен трговец морал да знае за неточноста или за непотполноста на податоците во врска со основањето на друштвото или за предизвиканата штета на друштвото преку внесување на непаричен влог".

Кога се проценуваат одговорностите на вложувачите на непаричен влог во основањето на едно трговско друштво, од цитираните одредби од ЗТД може да се заклучи дека последици од таквото однесување се :

1. вложувачот да биде тужен да го исполни она на што се обврзал при основањето на друштвото или при зголемување на основната главнина и

2. обврската за вложување да се претвори во надоместување во пари , што натаму значи тоа дека друштвото ќе бара од таквиот основач влогот да го уплати во пари.

Причини за неможност непаричниот влог да се внесе во друштвото, поради што настанува обврска за надоместување во пари на непаричниот влог, на пример, би биле следните:

- вложувачот внел како влог ствар, недвижна или подвижна, која е надвор од правниот промет;
- вложувачот располагал со непаричен влог врз кој немал право на располагање (одговорност за евикција);
- ствaрта пропаднала пред нејзиното вложување во друштвото ;
- вложувачот располагал со непаричниот влог отуѓувајки го, односно пренесувајќи го правото на друго лице, пред да го пренесе на друштвото, иако со договорот, односно со статутот за основање на друштвото се обврзал да го внесе во друштвото;
- ствaрта или правото што се внесува во друштвото има такви недостатоци коишто ги чинат неупотребливи за целта за која друштвото ги прибавува, или пак нивната вредност е помала од онаа колку што е проценета итн.

Доколку пак вложувачот е во задоцнување со внесувањето на непаричниот влог во друштвото, друштвото може спрема него да ги остварува правата коишто доверителот ги има спрема должникот кој е во задоцнување. Тоа може да бара исполнување на договорот, а доколку безуспешно протече дополнителниот рок што на вложувачот му го оставило друштвото, договорот се раскинува. Со тоа друштвото може да бара од вложувачот да му ја надомести штетата, а може да договори и договорна казна. Раскинувањето на договорот има дејство на престанок на договорот за внесување непаричен влог во друштвото, но не и престанок на секоја обврска спрема друштвото. Обврската се претворува во обврска за уплата во пари на онаа вредност којшто друштвото му ја признало на вложувачот за внесување на непаричниот влог, што секако не влијае на правото на друштвото да бара и надоместување на штетата којшто со тоа му е причинета.